**20222283357**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

Врз основа на член 48 став (7) од Законот за јавните набавки (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 87/21), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ВИДОВИТЕ НАБАВКИ И НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НАБАВКИ ОД МАЛА ВРЕДНОСТ ПРЕКУ ЕЛЕКТРОНСКИОТ ПАЗАР НА НАБАВКИ ОД МАЛА ВРЕДНОСТ НА ЕЛЕКТРОНСКИОТ СИСТЕМ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат видовите набавки и начинот на вршење набавки од мала вредност преку електронскиот пазар на набавки од мала вредност на Електронскиот систем за јавни набавки (во натамошниот текст: ЕСЈН).

Член 2

Набавките од мала вредност кои се вршат преку електронскиот пазар на набавки од мала вредност (во натамошниот текст: електронски пазар) се набавки од мала вредност на стандардни стоки или услуги кои може прецизно да се специфицираат и да се подведат под следните видови на набавки:

- земјоделски и прехранбени производи;
- информатички и телекомуникациски производи (хардвер и софтвер), компјутерски потрошен материјал и услуги кои се поврзани со овие набавки;
- лекови, медицински/санитетски потрошен материјал, опрема, помагала и здравствени услуги кои се поврзани со овие набавки;
- комунални услуги, лична заштитна опрема за безбедност и здравје при работа и други стоки и услуги кои се поврзани со овие набавки;
- транспортни и складишни услуги;
- индустриски и рударски машини, опрема, нивно одржување, резервни делови и други стоки и услуги кои се поврзани со овие набавки;
- основни средства – мебел, моторни возила, санитарна опрема, нивно одржување и резервни делови и текстилни производи;
- потрошен и канцелариски материјал, печатарски/издавачки услуги и средства за хигиена;
- електрична енергија, гас, нафта, нафтени деривати и услуги поврзани со овие набавки;
- финансиски услуги и осигурување;
- образовни, правни, советодавни, маркетинг услуги и услуги за привремено вработување и
- хотелски, угостителски, рекреативни, културни, безбедносни и спортски услуги.

Член 3

За техничката поставеност на електронскиот пазар како дел од ЕСЈН, регистрацијата на корисници, заштитата на лични податоци, работата на главниот систем администратор, интегритетот и доверливоста на понудите, користењето квалификувани сертификати, начинот на комуникација, постапувањето при технички проблем или недостапност на системот и поднесувањето жалба во постапките при вршење на набавки од мала вредност се применува Правилникот за начинот на користење на Електронскиот систем за јавни набавки.

Член 4

За вршење набавка од мала вредност преку електронскиот пазар, договорниот орган објавува известување за намера за набавка кое содржи краток опис на предметот на набавка, видот на договорот, место на испорака на стоките или извршување на услугите, рок на плаќање, начин и рок на испорака/ извршување на услугите и други податоци во врска со набавката.

Во рамки на вкупните средства утврдени во одлуката за јавна набавка, договорниот орган може да објави едно или повеќе известувања за намерата за набавка преку електронскиот пазар во тековната година.

Договорниот орган при објава на известувањето за намера за набавка може да избере најмалку два прифатливи производители.

Договорниот орган при објава на известувањето за намера за набавка треба да наведе дали ќе нарачува еднократно или сукцесивно.

Набавката од мала вредност преку електронскиот пазар се врши по ставки, а економскиот оператор поднесува понуда од својот електронски каталог од член 7 од овој правилник за било која од ставките.

Член 5

Лицето или организацискиот облик за јавни набавки или комисијата за јавни набавки кај договорниот орган ги разгледува понудените стоки или услуги и во системот на електронскиот пазар ги означува за прифатливи оние кои се во согласност со барањата и условите од краткиот опис на предметот на набавка, без да има увид во понудената цена и називот на понудувачот.

По прегледот на понудите доставени во форма на електронски каталог согласно член 7 од овој правилник, лицето или организацискиот облик за јавни набавки или комисијата за јавни набавки кај договорниот орган ја избира опцијата „изготви ранг листа“ од прифатливите понуди, по што се прикажуваат цените и називите на понудувачите и електронскиот пазар прави автоматско рангирање на прифатливите понуди според висината на цените, почнувајќи од најниската цена и времето на поднесување.

Прворангирани се производите со најниска цена од бараните производители објавени во известувањето за намера за набавка, а доколку две или повеќе понуди имаат иста цена, прворангиран ќе биде оној понудувач кој прв ја поднел понудата.

По завршувањето на евалуацијата, лицето за јавни набавки или лицата од организацискиот облик за јавни набавки или комисијата за јавни набавки кај договорниот орган преку апликацијата дигитално го потпишуваат извештајот за извршената евалуација со одлуката за избор на најповолна понуда или одлуката за поништување на постапката, кој автоматски го креира системот.

Член 6

По конечноста на одлуката за избор на најповолна понуда, а пред реализацијата на нарачката, договорниот орган и избраниот најповолен понудувач за конкретната ставка, електронски го потпишуваат автоматски генерираниот документ кој претставува договор за нарачка за јавна набавка.

Во електронскиот модул за нарачки на ЕСЈН, договорниот орган може да изврши директна нарачка од електронскиот каталог од член 7 од овој правилник на избраниот најповолен понудувач.

Преку електронскиот модул за нарачки на ЕСЈН избраниот најповолен понудувач потврдува дека нарачката е испратена, а по нејзиниот прием, договорниот орган преку модулот доставува одговор дали нарачката е успешно примена, или доколку испорачаната стока и/или услуга не одговара на тоа што било понудено и избрано од најповолниот понудувач, ги наведува причините и не се врши прием на нарачката.

Член 7

Поднесувањето на понуда и начинот на учество во постапките за набавка од мала вредност кои се спроведуваат преку електронскиот пазар е во форма на електронски каталог.

Економските оператори самостојно го составуваат електронскиот каталог на стоките и/или услугите што ги нудат на електронскиот пазар.

Електронските каталози на економските оператори, цените на стоките и/или услугите по кои истите се избрани и називите на најповолните понудувачи треба да се јавно достапни на веб локацијата на електронскиот пазар.

Цените на стоките и/или услугите кои што се јавно достапни преку објавените електронски каталози на економските оператори, може да се намалат при поднесување на понуда во форма на електронски каталог на набавка од мала вредност преку електронскиот пазар од страна на економските оператори.

Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-7112/1
25 октомври 2022 година
Скопје

Министер за финансии,
д-р **Fatmir Besimi,** с.р.